РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Државен управен инспекторат
Inspektorati shteteror administrativë
Бр.-Nr 04-464/1
25-11.2019 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Државен управен инспекторат

# П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државен управен инспекторат

*С к о п ј е*

*Ноември, 2019 година*

ДУИ

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 30 став (7) и член 107 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.102/19), а во врска со член 22 став 2 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија"бр 11/2015) Директорот на Државниот управен инспекторат донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат број 03-283/2 од 29.11.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат бр. 03-310/1 од 05.12. 2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат бр. 03-245/7 од 04.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат бр.04-83/5 од 13.02.2019 година и тоа:

### Член 2

Во ГЛАВА II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ (ИНСПЕКЦИСКИ И ДРЖАВНИ) СЛУЖБЕНИЦИ, членот 7 став 1 се менува и гласи:

(1) Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор, за раководните инспекциски службеници од категоријата Б се:

- стручни квалификации: за сите нивоа - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- работно искуство, и тоа за:
- - Б1 – најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,
- - Б2 – најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и
- Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;

ДУИ

- општи работни компетенции за сите нивоа - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Во ГЛАВА II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ (ИНСПЕКЦИСКИ И ДРЖАВНИ) СЛУЖБЕНИЦИ, членот 7 став 2 се менува и гласи:

(2) Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор, за инспекциските службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации и тоа:
- - за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- - за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- работно искуство, и тоа за:
- - В1 – најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
- - В2 – најмалку две години работно искуство по дипломирањето,
- - В3 – најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- - В4 – со и без работно искуство по дипломирањето;
- Општи работни компетенции за сите нивоа - категорија В, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
- 4) посебни работни компетенции за сите нивоа:
- - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по 30 ноември 2019 година и добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

ДИРЕКТОР

Фаница Николоска

Изработил: Божидар Секуловски